Машински факултет
Бр.02-2612/1
30.9.2009 година
Скопје

Врз основа на член 43 од Правилникот за внатрешните односи и работењето на Машински факултет во Скопје во состав на Универзитетот "Св. Кирил и Методиј" во Скопје и член 74 од Правилникот за единствените правила за студирање на Универзитетот "Св. Кирил и Методиј" - Скопје, Наставно-научниот совет на Факултетот на седницата одржана на 24.09.2009 година, ја донесе следнава

# ОДЛУКА
## за организирање дополнителни испитни рокови

1. За студентите од Машинскиот факултет во Скопје кои студираат по одредбите од ЕКТС запишани на академски или професионални студии во учебната 2009/10 година се организираат дополнителни испитни рокови.

2. Испитните рокови да се организираат во втората половина на месец ноември 2009 година и месец април 2010 година.

3. Право на полагање во ноемврискиот испитен рок имаат студентите од академските студии кои го имаат пријавено за следење предметот дипломска работа и студентите од професионалните студии кои го имаат пријавено за следење предметот интердисциплинарен проект-дипломска работа, а на кои од вкупниот број на наставни дисциплини им преостанал за полагање само еден предмет од летниот семестар.

4. Право на полагање во априлскиот испитен рок имаат студентите од претходната точка на кои од од вкупниот број на наставни дисциплини им преостанал за полагање само еден предмет од зимскиот семестар.

5. Студентите кои ги исполнуваат условите од претходните точки своето право на полагање го остваруваат преку поднесување писмено барање (молба) кон која е приложено уверение за положени испити.

6. Техничките аспекти на организирањето на дополнителните испитни рокови како што се определување на рокот за поднесување на барањата, термините за полагање, изготвувањето на списоците на пријавени студенти за полагање и сл. да го организира и спроведе Одделението за студентски прашања на Факултетот во соработка и координација со продеканот за наставна дејност.

Одлуката да се достави до: продекан за наставна дејност, студентска служба, општа служба, архивата на Факултетот и објави на огласната табла за студентите.

Декан

Проф. д-р Атанас Кочов